316.347(497.781/.782)
316.647.5:2(497.781/.782)

# ВЛИЈАНИЕТО НА РЕЛИГИОЗНОСТА ВРЗ ИНТЕГРАТИВНИТЕ/ ДЕЗИНТЕГРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ И ВЕРСКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО ОХРИДСКО-СТРУШКИОТ РЕГИОН

**Башким Башкими***

Се наоѓаме во период кој го карактеризираат големи општествени промени како на економски, политички така и на социјален план, проследени со големи промени во вредносните ориентации, односно вредносниот систем во целина. Луѓето тешко се приспособуваат на тие промени кои се доста диманични и интензивни. Губејќи ја самодовербата човекот во сопствените сили во решавањето на многу важни задачи со кои се соочува, помош за решавање на тие задачи бара во религијата. Религијата како историска категорија го продолжува својот век на траење и во современото општество. Преку своето учење религијата воспоставува еден меѓусебен однос со човекот, притоа нудејќи решенија за многуте прашања со кои во секојдневното живеење се соочува човекот. Секако треба да се потенцираат и активностите на конфесионалните заедници кои преку своите организациски облици сѐ повеќе настојуваат да го привлечат вниманието, притоа пополнувајќи ги празнините кои не успеале да ги пополнат другите општествени институции и организации.

Охридско-струшкиот Регион претставува етничко и религиозно хетерогена средина. Со своите карактеристики на мултикултурна, односно мултиетничка и мултиконфесионална средина претставува на некој начин минимизирана форма на македонското мултикултурно, односно мултиетничко и мултиконфесионално општество. Охридско-струшкиот Регион како средина, етничко и религиозно хетерогена, претставува посебно тло на постојани интегративни, односно дезинтегративни влијанија, што секако религијата и религиозноста во тие интегративни, односно дезинтегративни процеси зазема значајно место. Дезинтегративните процеси доста често се пропратени со одредени форми на религиска нетрпеливост која се појавувала во одредени временски периоди.

Во ова истражување предмет на интерес беше влијанието на религиозноста врз интегративните односно дезинтегративните процеси и верската толеранција кај населението во Охридско-струшкиот Регион, регион кој како што истакнавме претставува етничко и религиозно хетерогена средина. Во неа делуваат двете најзначајни религиски организации и тоа Македонската православна црква – Охридска архиепископија и Исламската верска заедница. Целната група во истражувањето ја сочинуваа сите лица над осумнаесет-годишна возраст. Резултатите добиени со истражувањето покажуваат дека религиозноста влијае врз интегративните односно дезинтегративните процеси и верската толеранција кај населението во Охридско-струшкиот Регион.

***Клучни зборови:*** *религија, религиозност, интеграција, дезинтеграција, вредносни ориентации, верска толеранција*

* baskimbaskimi@hotmail.com

## Вовед

Има многубројни примери низ историјата како и во сегашноста кои ја потврдуваат поврзаноста на религијата со интегративните односно дезинтегративните процеси и верската толеранција како на теоретски така и на практичен план. Покрај другите општествени процеси религијата зазема посебно место во постигнување на кохезијата во општеството. Религијата преку еден обезбеден систем на вредности како и изграден поглед на основните цели, овозможува духовно обединување на различни поединци и групи во рамките на глобалното општество. Меѓутоа покрај интегративна функција секако дека не смееме да ја занемариме и улогата која ја има религијата во религиско хетерогени средини. Во тие средини како што е истражуваното подрачје, сè поизразита е дезинтегративната улога на религијата. Секоја религиска заедница преку своето учење, врши духовно обединување само на припадниците на сопствената заедница. Активностите на едната верска заедница предизвикува чувство на загрозеност кај другата верска заедница, притоа оставајќи простор за манифестирање на појавни облици на религиска нетрпеливост.

Религиската нетрпеливост била присутна во разни религии и во разни временски периоди. Треба да го потенцираме фактот дека нетрпеливоста се манифестира „не само кон членовите на другите верски заедници туку и кон членовите на исти верски заедници" (Popov, 2005: 81). „Чест случај е нетрпеливоста да е посилна кон членовите на истата верска заедница отколку кон членовите на другите верски заедници, бидејќи стравот од распаѓање на заедницата е појак од стравот дека тие ќе влезат во судир со друга или други заедници" (Šušnjić, 1998.b: 341). „Нетрпеливоста всушност ја претставува мрачната страна на религијата, но според сè, најзастапена е во трите светски монотеистички религии јудеизмот, христијанството и исламот" (Башкими, 2009: 60).

Прашањето на етничка, односно верската толеранција е посебно значајно во етничко и конфесионално хетерогени општества. Толеранцијата во основа претставува, „допуштено отстапување од своите сопствени убедувања, односно таков модел на однесување во кој е допуштено (дозволено) важење на други начела, кои не се во согласност со сопствените, но кои мора да се уважуваат" (Матевски, 2005а: 61). Односно, „толеранцијата е спремност да се сослуша човекот кој има друго мислење за иста работа, да би се откриле во неговото мислење содржини кои можат да придонесат двете мислења да се приближат, поправат, дополнат и изразат во облик кои ќе ги задоволи двете страни" (Šušnjić,1998.b: 346).

Манифестни форми на толеранција односно нетолеранција сретнуваме во секојдневните односи помеѓу луѓето кои се изразени преку ставовите кон различностите, независно дали тоа биле различни ставови, идеи, обичаи или различни психо-физички особини на луѓето. Ставовите кон различностите во секојдневните односи меѓу луѓето можат да се движат од допуштеност и укажување на ставовите кои отстапуваат од сопствените убедувања, па сè до ставови кои во најголем случај имаат карактер на предрасуди. „Предрасудите во основа се манифестираат кон оние кои според нешто се разликуваат од носителите на предрасудите и припадниците на нивните референтни групи” (Joksimović i Kuburić, 2004: 18). Самата појава на предрасудите е во тесна поврзаност со нетолеранцијата. Односно сите оние „кои се склони на предрасуди се нетолерантни кон различностите. Додека пак нетолерантноста кон различностите претставува всушност една од основните карактеристики на една авторитарна личност” (Башкими, 2009: 60). „Една верска заедница донесува заклучок за другата повеќе врз основа на своите предрасуди отколку врз основа на реалните искуства и знаења, при што поголемите верски заедници помалку знаат за помалите отколку овие за нив” (Šušnjić,1998.b: 344). Секогаш треба да се има во предвид дека добиените податоци при проучувањето на верската толеранција ја отсликуваат моменталната состојба на свеста на испитаниците, а која може да биде под влијание и последица на одредени општествени околности. „Во зависност од средината во која единката живее и актуелната општествено-политичка клима зависи кон кого или спрема кого ќе се манифестира нетрпеливоста, што значи дека во различни средини и во различни временски периоди нетолеранцијата не се манифестира секогаш кон исти појави, групи и поединци” (Joksimović i Kuburić, 2004: 18).

Како што веќе истакнавме, во истражуваното подрачје делуваат две религиски организации и тоа Македонската православна црква – Охридска архиепископија и Исламската верска заедница. „И покрај тоа што и едната и другата религиска организација стојат на ставот дека нивното учење е единствено исправно и единствено вистинито, а сите други пропагираат лажни искривени религиозни учења, меѓутоа сепак тоа не значи дека не постои верска толеранција. Таа е присутна и кај МПЦ-ОА и кај ИВЗ” (Башкими, 2009: 61). „Тие се приближуваат една кон друга и меѓусебно соработуваат, не доведувајќи ги во прашање, основните догматски принципи на сопствените учења” (Матевски, 2005а: 72). „Тоа е она таканаречена секојдневна толеранција која постои во етничко-конфесионално мешани средини како што е Република Македонија и која се карактеризира со заштита на своите догматски начела, притоа не навлегувајќи во непомирлив однос со другите цркви и другите верски

заедници” (Матевски, 2005: 61). Всушност двете религиски организации МПЦ-ОА и ИВЗ со своите активности се насочени кон своите верници притоа покажувајќи интерес само за нив, без никакви претензии кон останатите кои проповедаат друга вера. Меѓутоа промовирањето или самопромовирањето на една религиска заедница преку својата организација како „чувар” на националните интереси во национално и религиозните хетерогени средини може да претставува основа за религиозна нетрпеливост и појава на чувство на маргинализираност и загрозеност на помалите верски и етнички заедници.

Во последно време а со оглед на некои случувања (случувањата во 2001 година) доста „чувствителна” е толеранцијата во РС Македонија, а секако и во Охридско-струшкиот регион. Сѐ позабележителна е поврзаноста на верските организации со политичките кругови, каде и едните и другите излегуваат надвор од рамките на своите декларативни определби. Таквата состојба придонесува да се создадат услови за можни појавни облици на нетрпеливост односно нетолеранција како во рамките на една религиска заедница така и помеѓу религиските заедници кои постојат во испитуваното подрачје. Исто така треба да го нагласиме фактот дека евидентен е расчекорот кај религиските организации помеѓу декларативната и вистинската религиска заложба за толеранција. Кога зборуваме за вистинска религиска заложба за толеранција пред сѐ мислиме на тоа дали религиските организации направиле во таа насока сѐ она што требело да го направат како во поглед на појавните облици на религиска нетрпеливост така и во поглед на санирање на последиците од истата. Чувствуваме потреба посебно да го истакнеме ова бидејќи мулитиконфесионалноста со своите обележја како и дадените општествени околности го прават испитуваното подрачје уште почувствително за можни манифестирања на појавни облици на нетрпеливост, односно нетолеранција. Секако дека треба и во иднина да се работи на афирмирање на вредностите во насока на јакнење на верската толеранција. За таа цел е потребно религиските организации да зборуваат со својот религиски јазик без дневнополитички примеси во афирмирање на своите догматски начела.

Не може да се занемари верската толеранција при проучување на религиозноста во една мултиконфесионална средина. Ние во нашето истражување ѝ посветиме одредено внимание на верската толеранција без притоа да се навлегува во некое длабинско проучување. Можеби добиените резултати во делот на верската толеранција во иднина ќе послужат како поттик да се направи едно потемелно истражување кое притоа ќе ја опфати нејзината етиолошка страна, формите на манифестирање, степенот на верската толеранција, односно нетолеранција. Секако дека прашањето на

толеранцијата воопшто, а посебно прашањето на религиската (не)толеранција зазема значајно место во едно мултиетничко и мултиконфесионално општество во воспоставувањето на општествените односи од кои понатака зависи општествениот развој. Општествено-политичките структури во една мултиетничка и мултиконфесионална општествена заедница треба со посебно внимание да ги анализираат податоците добиени од научните истражувања на религиската (не)толеранција и истите треба да бидат вметнати во нивните програмски определби како основа во креирањето на активни мерки за навремено превенирање на можни појавни облици на нетрпеливост, односно нетолеранција со етнички или религиозен предзнак.

Резултатите кои ќе ги прикажеме се дел од резултатите добиени со истражувањето на религиозноста кај населението во Охридско–струшкиот Регион.

## Резултати од истражувањето

Во истражувањето без да се навлегува во некои подлабоки анализи се тргна од претпоставка дека верската припадност и степенот на религиозност кај населението во Охридско-струшкиот Регион влијаат врз интегративните односно дезинтегративните процеси и врз толерантноста кон припадниците на другите конфесии. Охридско–струшкиот Регион кои го сочинуваат општините Охрид, Струга, Дебрца и Вевчани со своите карактеристики како една мултикултурна, односно мултиетничка и мултиконфесионална средина претставува на некој начин минимизирана форма на македонското мултикултурно, однodносно мултиетничко и мултиконфесионално општество. Вкупниот број на население според пописот на населението од 2002 година изнесува 127.065 жители од кои 58.592 жители му припаѓаат на градовите Охрид и Струга. Според националната припадност 75.432 (59,4%) жители се изјасниле како Македонци, 39.147 (30,8%) Албанци, 5.898 (4,6%) Турци, 185 (0,1%) Роми, 981 (0,8%) Власи, 483 (0,4%) Срби, 132 (0,1%) Бошњаци и 4.816 (3,8%) се останати. Додека според верската припадност 74.975 (59.1%) жители се изјасниле како православни, 50.721 (39,9%) муслимани, 178 (0,1%) католици и 1191 (0,9%) останати (Попис 2002). Во Охридско-струшкиот Регион делуваат двете најзначајни религиски организации, и тоа: Македонската православна црква-Охридска архиепископија и Исламската верска заедница кои со своето учења ја прават ова средина интересна за ваков вид истражување. Средините со вакви карактеристики постојано се изложени на некои интегративни, односно

дезинтегративни влијанија, што секако религијата, односно религиозноста завзема значајно место во тие интегративни, односно дезинегративни процеси.

Дизајнирањето на примерокот е во согласност со предметот на истражување и очекуваните цели, како и истражувачкиот пристап. Во ова истражување е користен квотен намерен примерок. Квотите ја изразуваат варијацијата на појавата што се испитува. Опфатени се 400 испитаници, лица на возраст од 18 години кои се избрани според однапред определени релевантни карактеристики. При определувањето на квотите внимавано е во примерокот да влезат испитаници од различни населени места во Охридско-струшкиот Регион притоа придржувајќи се на правилото за географска и социо-демографска застапеност на испитаниците. За прибирање и евидентирање на фактите за предметот на истражување користени се следниве техники, анкетен прашалник, неформални разговори и набљудување.

Во истражувањето на влијанието на верската припадност и степенот на религиозност врз интеграцијата на населението во Охридско-струшкиот Регион беа користени индикатори кои го опфаќаат влијанието на верската припадност врз зачестените контакти со припадниците на другите конфесионални заедници како и врз зачестеноста на мешаните бракови (во која сопружниците се од различна конфесионална припадност), како и влијанието на религиозноста врз толерантноста кон припадниците на другите конфесии.

Покрај обидот да го прикажеме влијанието на верската припадност и степенот на религиозност кај населението во Охридско-струшкиот Регион врз интегративните односно дезинтегративните процеси и врз толерантноста кон припадниците на другите конфесии, се обидовме со помош на неколку индикатори да направиме и типологија на религиозноста. За таа цел користени се индикатори за мерење на религиозноста сместени во четири групи и тоа: верувањето во светото, однесувањето на испитаниците во општеството кое извира од моралните аспекти на религијата, религиозната пракса како и познавањето на теолошката доктрина на сопствената религија. Испитаниците беа категоризирани во одредени степени на религиозност врз основа на одговорите на поставените прашања. Во првата категорија, односно испитаници со низок степен на религиозност спаѓаат оние испитаници кои на поставените прашања одговориле со „не се согласувам" (пр. Со ставот во Бога треба да се верува, после минливиот овоземски живот благодарејќи на Бога нѐ чека вечниот живот итн.) и кои на поставените прашања одговориле со „никогаш" (пр. Дали се молите во текот на денот, дали постите итн.) или кои „погрешно" одговориле на прашањата кои се однесуваат на познавањето на теолошката доктрина на

сопствената религија. Во втората категорија, односно испитаници со среден степен на религиозност спаѓаат оние испитаници кои на поставените прашања одговориле со „незнам" и „понекогаш". Додека во третата категорија односно испитаници со висок степен на религиозност спаѓаат оние испитаници кои на поставените прашања одговориле со „се согласувам", „редовно" и „точно" одговориле на прашањата кои се однесуваат на познавањето на теолошката доктрина на сопствената религија. Од добиените резултати процентот на испитаниците со висок степен на религиозност е значително поголем (69,6%) во споредба со испитаниците со среден степен на религиозност (17,3%) и низок степен на религиозност (13,1%).

Влијанието на верската припадност и степенот на религиозност кај населението во Охридско-струшкиот Регион врз интегративните односно дезинтегративните процеси и врз толерантноста кон припадниците на другите конфесии го согледавме преку одговорите на прашањата кои се однесуваат на зачестенотоста на контактите со припадниците од другите конфесионални заедници, ставот кон верските мешани бракови како и прашања поврзани со толерантноста кон припадниците од другите конфесии, и тоа:

1. Дали Вашиот најдобар-ра другар-ка е припадник на иста вера како и Вашата?
2. Кој е Вашиот став во врска со верските мешани бракови?
3. Дали се согласувате со ставот дека верските мешани бракови однапред се осудени на пропаѓање?
4. Дали се согласувате со ставот дека човек може да се чувствува сигурен само ако живее во средина во која мнозинството го сочинуваат припадници од иста вера?
5. Дали се согласувате со ставот дека кон припадниците од другата вера треба да се биде внимателен дури и кога ни се пријатели?

## 1. Влијанието на верската припадност кај населението во Охридско-струшкиот Регион врз зачестеноста на контактите со припадниците на другите конфесионални заедници

Влијанието на верската припадност и степенот на религиозност кај населението во Охридско-струшкиот Регион врз зачестеноста на контактите со припадниците на другите конфесионални заедници ќе го согледаме преку одговорите на трите прашања: Дали Вашиот најдобар-ра другар-ка е припадник на иста вера како и Вашата?, Кој е Вашиот став во врска со верските мешани

бракови? и Дали се согласувате со ставот дека верските мешани бракови однапред се осудени на пропаѓање?

**Табела 1 - Верската припадност и ставот во избор на најдобар другар или другарка**

| | Верска припадност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Православни | | | Муслимани | | |
| Дали Вашиот најдобар-ра другар-ка е припадник на иста вера како и Вашата? | Да | Не | Незнам | Да | Не | Незнам |
| | 91,5% | 8,5% | 0,0% | 92,2% | 5,2% | 2,6% |

На прашањето „Дали вашиот најдобар-ра другар-ка е припадник на иста вера како и вашата?" од одговорите на прашањето во табелата 1 се гледа дека бројот на испитаници од православна вероисповед кои потврдно одговориле е малку помал (91,5%) во споредба со бројот на испитаниците од исламска вероисповед кои потврдно одговориле (92,2%). Односно од вкупниот број на испитаници мал е бројот на оние кои одговориле дека нивниот најдобар другар е припадник на друга верска припадност различна од нивната како кај испитаниците од православна вероисповед (8,5%) така и кај испитаниците од исламска вероисповед (5,2%).

**Табела 2 - Степенот на религиозност и ставот во избор на најдобар другар или другарка**

| | **Дали Вашиот најдобар-ра другар-ка е припадник на иста вера како и Вашата?** | | |
|---|---|---|---|
| **Степен на религиозност** | Да | Не | Незнам |
| Низок степен | 86,4% | 12,0% | 1,6% |
| Среден степен | 92,8% | 6,1% | 1,1% |
| Висок степен | 96,5% | 3,5% | 0,0% |

Од податоците дадени во табелата 2 се гледа извесна разлика во изборот на надобар-ра другар-ка во зависност од степенот на религиозност на испитаниците. Така на пример најголем е бројот на испитаници со висок степен на религиозност (96,5%) кое се изјасниле дека нивниот надобар-ра другар-ка е припадник на иста вера во споредба со испитаниците со среден (92,8%) и низок степен на религиозност (86,4%). Од ова се гледа дека степенот на религиозност кај испитаниците влијае врз изборот на најдобар-ра другар-ка.

На прашањето „Кој е Вашиот став во врска со верските мешани бракови?" од одговорите на прашањето во табелата 3 се гледа дека бројот на испитаниците од православна вероисповед кои

**Табела 3 - верската припадност и ставот спрема мешаните бракови**

| | **Кој е Вашиот став во врска со верските мешани бракови?** | | | **Дали се согласувате со ставот дека верските мешани бракови однапред се осудени на пропаѓање?** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Верска припадност** | Ги одобрувам | Не ги одобрувам | Незнам | Не се согласувам | Не знам | Се согласувам |
| Православни | 23,5% | 62,4% | 14,1% | 31,8% | 29,2% | 39,0% |
| Муслимани | 9,9% | 73,4% | 16,7% | 11,9% | 38,3% | 49,8% |

потврдно одговориле на прашањето е поголем (23,5%) во споредба со бројот на испитаниците од исламска вероисповед кои потврдно одговориле (9,9%). Односно од вкупниот број на испитаници мал е бројот на оние кои потврдно одговориле во врска со мешаните бракови односно, поголем е бројот на испитаници кои не ги одобруваат мешаните бракови како кај испитаниците од исламска вероисповед (73,4%) така и кај испитаници од православна вероисповед (62,4%). На прашањето „Дали се согласувате со ставот дека верските мешани бракови однапред се осудени на пропаѓање?" од одговорите на прашањето во табелата 3 се гледа дека бројот на испитаниците од исламска вероисповед кои потврдно одговориле на прашањето е поголем (49,8%) во споредба со бројот на испитаниците од православна вероисповед кои потврдно одговориле (39,0%). Односно од вкупниот број на испитаници мал е бројот на испитаниците од исламска вероисповед кои не се согласуваат со ставот дека верските мешани бракови однапред се осудени на пропаѓање (11,9%) во

споредба со бројот на испитаниците од православна вероисповед (31,8,0%). Од ова можеме да заклучиме дека верската припадност влијае врз ставот на испитаниците во врска со верските мешани бракови.

**Табела 4 - Степенот на религиозност и и ставот спрема мешаните бракови**

| | **Кој е Вашиот став во врска со верските мешани бракови?** | | | **Дали се согласувате со ставот дека верските мешани бракови однапред се осудени на пропаѓање?** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Степен на религиозност** | Ги одобрувам | Не ги одобрувам | Незнам | Не се согласувам | Не знам | Се согласувам |
| Низок степен | 22,9% | 41,2% | 28,9% | 39,5% | 24,5% | 36,0% |
| Среден степен | 13,8% | 73,3% | 12,9% | 21,4% | 35,5% | 43,1% |
| Висок степен | 4,9% | 87,4% | 7,7% | 7,2% | 41,9% | 50,9% |

Од податоците дадени во табелата 4 се гледа дека степенот на религиозност кај испитаниците има одредено влијание во ставот спрема верските мешани бракови. Со зголемувањето на степенот на религиозноста кај испитаниците се намалува процентот на испитаниците кои ги одобруваат верските мешани бракови, односно се зголемува процентот на испитаниците кои се согласуваат со ставот дека верските мешани бракови однапред се осудени на пропаѓање. Од ова можеме да заклучиме дека степенот на религиозност влијае врз ставот на испитаниците во врска со верските мешани бракови.

## 2. Влијанието на верската припадност кај населението во Охридско-струшкиот Регион врз толерантноста кон припадниците од другите конфесии

Влијанието на верската припадност и степенот на религиозност кај населението во охридско-струшкиот регион врз толерантноста кон припадниците на другите конфесии ќе го согледаме преку одговорите на прашањата: „Дали се

согласувата со ставот дека човек може да се чувствува сигурен само ако живее во средина во која мнозинството го сочинуваат припадници од иста вера?" и „Дали се согласувате со ставот дека кон припадниците од другата вера треба да се биде внимателен дури и кога ни се пријатели?".

**Табела 5 - Верската припадност и ставот спрема припадниците на другите конфесии**

| | Верска припадност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Православни | | | Муслимани | | |
| | Не се согласувам | Не знам | Се согласувам | Не се согласувам | Не знам | Се согласувам |
| Дали се согласувате со ставот дека човек може да се чувствува сигурен само ако живее во средина во која мнозинството го сочинуваат припадници од иста вера? | 39,0% | 24,2% | 36,8% | 25,0% | 20,7% | 54,3% |
| Дали се согласувате со ставот дека кон припадниците од другата вера треба да се биде внимателен дури и кога ни се пријатели ? | 31,3% | 20,1% | 48,6% | 15,7% | 21,9% | 62,4% |
| Вкупна средна вредност | 35,2% | 22,1% | 42,7% | 20,3% | 21,3% | 58,4% |

Од табелата 5 се гледаат значителни разлики во одговорите на прашањето „Дали се согласувате со ставот дека човек може да се чувствува сигурен само ако живее во средина во која мнозинството го сочинуваат припадници од

иста вера?" во зависност од религиската припадност. Така на пример бројот на испитаници од православна вероисповед (36,8%) е значително помал од бројот на испитаници од исламска вероисповед кои се согласуваат со ставот (54,3%). Голема е разликата исто така и во однос на второто прашање „Дали се согласувате со ставот дека кон припадниците од другата вера треба да се биде внимателен дури и кога ни се пријатели?" во зависност од религиската припадност. Така, бројот на испитаниците од православна вероисповед (48,6%) е значително помал со бројот на испитаниците од исламска вероисповед кои се согласуваат со ставот (62,4%). Со тоа се потврдува ставот дека верската припадност влијае врз ставовите спрема припадниците на други конфесии.

**Табела 6 - Степенот на религиозност и ставот спрема припадниците на други конфесии**

| | Дали се согласувата со ставот дека човек може да се чувствува сигурен само ако живее во средина во која мнозинството го сочинуваат припадници од иста вера? | | | Дали се согласувате со ставот дека кон припадниците од другата вера треба да се биде внимателен дури и кога ни се пријатели ? | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Степен на религиозност** | Не се согла-сувам | Не знам | Се согла-сувам | Не се согла-сувам | Не знам | Се согла-сувам |
| Низок степен | 40,5 % | 25,5 % | 34,0 % | 22,0 % | 24,0 % | 54,0 % |
| Среден степен | 35,7 % | 21,2 % | 43,1% | 21,8 % | 21,5 % | 56,7 % |
| Висок степен | 29,2 % | 18,2 % | 52,6 % | 15,3% | 20,4 % | 64,3 % |

Од податоците во табелата 6 се гледа дека во зависност од степенот на религиозност на испитаниците видни се разлики во одговорите на испитаниците во врска со чувството на сигурност во средина во која мнозинството го сочинуваат припадници од друга верска припадност и чувство на внимателност спрема припадници од друга верска припадност дури и кога ни се пријатели. Според податоците се гледа дека со зголемувањето на степенот на религиозност се зголемува чувството на несигурност да се живее во средина во која мнозинството го сочинуваат припадници од друга верска припадност и исто така се зголемува и чувството на внимателност спрема припадници од друга верска припадност дури и кога ни се пријатели. Со тоа се

потврдува ставот дека степенот на религиозност влијае врз ставовите спрема припадниците на други конфесии.

## Заклучни согледувања

Кога станува збор за влијанието на верската припадност и степенот на религиозност кај населението во Охридско-струшкиот Регион врз зачестените контакти со припадниците на другите конфесионални заедници, како и влијанието на верската припадност и степенот на религиозност врз интеграцијата на населението во Охридско-струшкиот Регион, резултатите од истражувањето го покажаа следното:

Што се однесува до влијанието на верската припадност и степенот на религиозност кај населението во Охридско-струшкиот Регион врз зачестените контакти со припадниците на другите конфесионални заедници, од добиените резултати се гледа дека повисок е процентот кај испитаниците припадници од исламска вероисповед како и испитаниците со повисок степенот на религиозност кои се изјасниле дека нивниот најдобар другар-ка е припадник на иста вера како и нивната. Исто така од добиените резултати се гледа дека повисок е процентот кај испитаниците припадници од исламска вероисповед како и испитаниците со повисок степенот на религиозност кои се изјасниле дека не ги одобруваат верските мешани бракови, односно дека верските мешани бракови однапред се осудени на пропаѓање.

Што се однесува до влијанието на верската припадност и степенот на религиозност врз интеграцијата на населението во Охридско-струшкиот Регион, од добиените резултати се гледа дека повисок е процентот кај испитаниците припадници од исламска вероисповед како и испитаниците со повисок степенот на религиозност кои потврдно се изјасниле дека човек може да се чувствува сигурен само ако живее во средина во која мнозинството го сочинуваат припадници од иста вера, односно дека кон припадниците од друга вера треба да се биде внимателен дури и кога ни се пријатели.

Врз основа на добиените податоци од истражувањето можеме да заклучиме дека верската припадност и степенот на религиозност кај населението во Охридско-струшкиот Регион влијаат врз интегративните односно дезинтегративните процеси и врз толерантноста кон припадниците на другите конфесии.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


Ацески, Илија.1995. *Општеството и човекот во транзиција*. Скопје: Експрес.

Башкими, Башким.2009: *Религијата и младите*. Охрид: Коста Абраш.

Berger, Peter. 1967. *The Sacred Canopy: Elements of a Sociologycal Theori of Religion*. Garden City, NY: Doubleday.

Bešić, Miloš i Đukanović, Borislav. 2000. *Bogovi I ljudi religioznost u Crnoj gori.* Podgorica: Socen.

Blagojević, Mirko. 1995. *Približavanje pravoslavlju*. Niš: JUNIR,Gradina.

Blagojević, Mirko. 2005. *Religija I crkva u transformacijama drustva*. Beograd: Filip Višnjic.

Blagojević, Mirko. 2006. *Savremene religijske promene u Srbiji i proces integracije u Evropu*. Beograd: Filzofija i društvo, br.1, 95-111.

Blagojević, Mirko. 2008. *Religiozna Evropa, Rusija i Srbija juče i danas-argumenti empirijske evidencije:slučaj Evropa*. Beograd: Filzofija i društvo, br.3, 275-294.

Blagojević, Mirko. 2009. *O sociološkim kriterijumima religioznosti – koliko ima (pravoslavnih) vernika danas*. Beograd: Filzofija i društvo, br.1, 9-36.

Blagojević, Mirko. 2010. Aktuelna reliioznost građana Srbije, *Religioznost u Srbiji 2010,* Beograd, Hrišćanski kulturni centar, Centar za evropske integracije, Fondacija Konrad Adenauer.

Vukomanović, Milan (2001), Sveto i mnoštvo-izazovi religijskog pluralizma, Beograd: Čigoja štampa.

Weber, Max. 1968. *Protestanska etika i duh kapitalizm*a. Sarajevo: Veselin Masleša i Svjetlost.

Weber, Max. 1976. *Privreda I društvo I i I.* Sarajevo: Veselin Masleša i Svjetlost.

Weber, Max. 2000. *Sociologija religije.* Sarajevo: Kru-Zak.

Dirkem, Emil. 1963. *Pravila sociološkog metoda.* Beograd: Savremena škola.

Dirkem, Emil. 1982. *Elementarni oblici religijskog `ivota.*Beograd: Prosveta

Đurić, Mihajlo. 1964. *Sociologija Maksa Vebera.* Zagreb: Matica Hrvatska.

Đorđević, Dragoljub. 1990. *O religiji I ateizmu.* Niš: Gradina.

Elijade, Mirča. 1981. *Okulizam, magija i prirode kulture.* Zagreb: Grafički zavod Hrvatske

Elijade, Mirča. 1984. *Traganje za izvorima religije.* Beograd: Kultura

Елијаде, Мирча. 2005. *Историја на верувањата и на религиските идеи.*Скопје: Табернакул.

Kit Krim (ur.), *Enciklopedija živih religija*. 2004. Beograd: Nolit

Joksimović, Snežanai Kuburić, Zorica. (2004) Mladi i verska tolerancija. *Religija i tolerancija*, 1, Novi Sad: CEIR, 17-30.

Матевски, Зоран. 2005. Религијска толеранција у мултиетничкој и муликонфесионалној Републици Македонији. *Релиīија у мулūикулūурном друшūву*. Нови Сад: Филозофски факултет, 59-64.

Matevski, Zoran. 2005. *Sociological Analysis of the Religious Situation in Macedonian. Post-Communist Society.* In Anthology: Religion and Politics, Blagoevgrad: South-West University "Neofit Rilski".

Matevski, Zoran. 2009. *Some Aspect of the revitalization of religion in Republic of Macedonia after its independence.* In Anthology: Culture in transition – transition in culture. Krakow: Jagiellonian University – Institute of Sociology.

Матевски, Зоран. 2009. Запознавање со религиите. Скопје: Македонска искра.

McGuire, Meredith B. 2002. *Religion.* USA: Wadsworth Thomson Learning.

Menj, Aleksandar.2005. *Istorija Religije.* Beograd: Plato.

Popov, Zlatiborka.2005. Religija i tolerancija. *Religija i tolerancija*. Novi Sad: CEIR, 79-97.

Попис 2002, *Пойис на населениеīо, домаќинсīваīа и сīановиīе во Рейублика Македонија, (книīа X),* РЗС, Скопје.

Šušnjić, Đ. 1990. *Teorijske orijentacije u proučanju religije i ateizma.* Zagreb: IDIS.

Šušnjić, Đ. 1995. *Znati i verovati.* Beograd: Čigoja štampa.

Šušnjić, Đ. 1998. *Religija I.* Beograd: Čigoja štampa.

Šušnjić, Đ. 1998. *Religija II.* Beograd: Čigoja štampa.

Šušnjić, Đ. 2004. *Ribari ljudskih duša.* Beograd: Čigoja štampa.